**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 07.10.2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4786 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Радиодифузно трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ, Прилеп;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 22 септември до 1 октомври 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 7 октомври 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*").
- **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*").
- **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 од Изборниот законик**

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Во третиот десетдневен период, од 22 септември до 1 октомври 2016 година, од мониторингот на изборното медиумско претставување, централното издание на вестите во продукција на ТВ Сонце емитувано од 18 часот, опфати 10 изданија со вкупно времетраење на анализираниот примерок од 1 час 56 минути и 9 секунди (1 час 54 минути и 30 секунди се претежно информативни жанрови, а 1 минута и 39 секунди се

аналитички жанрови), така што не беше достигнат релевантниот методолошки примерок од минимум 2 часа дневно-информативна програма за извлекување оценки за начинот на известување. Сепак, во продолжение се поместени податоците за застапеноста на субјектите во вестите и за структурата на директните обраќања.

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ Сонце | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Влада на РМ | 00:15:14 | 13,30 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:10:48 | 9,43 | % |
| Претседател на РМ | 00:06:49 | 5,95 | % |
| Други субјекти | 00:13:52 | 12,11 | % |
| Јавно обвинителство | 00:02:01 | 1,76 | % |
| Судство | 00:05:24 | 4,72 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:12:07 | 10,58 | % |
| СДСМ | 00:10:03 | 8,78 | % |
| Граѓански сектор | 00:11:33 | 10,09 | % |
| Македонска алијанса | 00:05:01 | 4,38 | % |
| Собрание на РМ | 00:01:16 | 1,11 | % |
| Без субјекти | 00:05:23 | 4,70 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:02:30 | 2,18 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:06:07 | 5,34 | % |
| Локална самоуправа | 00:00:40 | 0,58 | % |
| Специјално обвинителство | 00:04:17 | 3,74 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:01:25 | 1,24 | % |
| | **Вкупно: 01:54:30** | **100** | **%** |

Најмногу време во вестите е одвоено за субјектите методолошки кодирани во категориите „Влада на РМ" и за „други субјекти" (адвокати, Симон Трпчевски, ТАВ Македонија, грчката дијаспора, црногорскиот дневен весник Побједа, НБРМ, БЕК, ЛУКОИЛ). Од политичките партии најмногу време е одвоено за ВМРО ДПМНЕ (12 минути и 7 секунди) и за СДСМ (10 минути и 3 секунди). Покрај нив, како субјекти во вести, иако со мал процент, се појавуваат уште две политички партии (Македонска алијанса и ДПА).

Во овој период е емитуван еден осврт како аналитички жанр на 1 октомври 2016 година, кој ја разработува одлуката на ЗАМП, односно забраната за емитување на македонска музика и како тоа ќе влијае врз македонскиот идентитет.

***Табела 2: Директни обраќања на субјектите***

| ТВ Сонце | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Други субјекти | 00:02:33 | 8,64 | % |
| СДСМ | 00:04:47 | 16,21 | % |
| Влада на РМ | 00:06:44 | 22,81 | % |
| Претседател на РМ | 00:03:36 | 12,20 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:00:57 | 3,22 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:06:19 | 21,40 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:00:56 | 3,16 | % |
| Специјално обвинителство | 00:01:50 | 6,21 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:53 | 2,99 | % |
| Граѓански сектор | 00:00:56 | 3,16 | % |
| | Вкупно: 00:29:31 | 100 | % |

***Посебни информативни емисии***

*Други информативни програми*

Во анализираниот период се емитувани неколку видови информативни програми, и тоа: четири изданија на емисијата „Гласот на народот", една дебатна емисија во „Паричник", едно интервју во емисијата со наслов „Лица и дела", една реприза и едно дебатно издание на емисијата „Врел Костен", едно интервју во „Избор на народот" и неколку реприизи на постара емисија „ТВ Интервју".

*„Гласот на народот"*

На 22 септември 2016 година, со почеток во 14 часот и 10 минути, емитувано е репризното издание на емисијата „Гласот на народот", во која гостин беше лидерот на ВМРО Народна партија, Љубчо Ѓеорѓиевски, на темата: Лидери и партии во пресрет на изборите.

На 23, 24 ,25 и 26 септември 2016 година, се емитувани 4 репризни изданија на емисијата „Гласот на народот" каде се дебатираше на тема: "Четврт век независност, одбележување". Дебатираа: Ѓорѓи Наумов, првиот министер за правда во Владата на Република Македонија, професорите Михајло Уновски, Јанко Бачев и Осман Кадриу, и Тодор Петров, претседател на Светскиот македонски конгрес и пратеник во првиот парламентарен состав.

На 26 септември 2016 година, со почеток во 20 часот и 19 минути, емитувано е премиерно издание на емисијата „Гласот на народот", во која гостин беше Крсте Јовановски, претставник од ГДОМ. Водителот посочува дека биле поканети да гостуваат и претставници од граѓанското здружение „Шарена револуција", но тие не се одзвале на повикот. Темата беше: Настапот на Катица Јанева и СЈО. Во текот на емисијата се разговараше за и околу името и проблемот со Грција, за времето кога СДСМ биле на власт, како и околу ангажманот на гостинот во ГДОМ и неговиот поттик за приклучување кон ова движење. Во текот на емисијата беа емитувани два прилози за обвинителката Катица Јанева, коментирани од водителот и гостинот. Емисијата е репризирана на 27 септември 2016 година.

На 28 септември 2016 година, со почеток во 20 часот и 20 минути, емитувано е премиерно издание на емисијата „Гласот на народот". Гости беа аналитичарите Лумберто Паскали и Андреа Чинквергани. Темата беше: за и околу американските претседателски избори, што значат изборите за Македонија, Италија и Европа. Во мониторираниот период емисијата е репризирана два пати (29 и 30 септември 2016 година).

*„Лица и дела"*

На 22 и 23 септември 2016 година, се емитувани 2 репризни изданија на емисијата „Лица и дела". Водителката на емисијата беше на гости во општинската канцеларија кај градоначалникот на Прилеп, Марјан Ристески. Во текот на целата емисија се разговараше и акцент се стави на се што е постигнато за овие изминати 11 години, компарирајќи со тоа што не било сработено од претходните власти. Беше нагласено дека за ова не е заслужна само локалната власт, туку и Владата со своите министерства. Градоначалникот потенцираше дека: секој втор-трет ден странски инвеститори се интересираат да изградат фабрики, невработеноста е на најниско ниво, поставени се нови спомен обележја, решен е проблемот со снабдувањето со вода, со помош од Владата во вредност од 3 милиони евра биле изградени нови бунари,

уредени се парковите и зеленилото, сите училишта се реновирани, поставена е 200 км нова асфалтна мрежа; итн. На крајот од емисијата градоначалникот најави нови средства од Владата за многу нови проекти.

*„Паричник“*

На 22 септември 2016 година, со почеток во 15 часот и 53 минути, се емитуваше репризното издание на емисијата насловена како „Паричник“. Темата на која дебатираа гостите Хари Локвенец, пратеник од СДСМ и Павле Саздов, пратеник од ВМРО ДПМНЕ е во врска со расправата на надзорната собраниска комисија за проблемите што произлегоа од поплавите во околината на скопско.

*„Врел костен“*

На 23 септември 2016 година, со почеток во 16 часот, се емитуваше репризното издание на емисијата „Врел костен“. Разработена беше темата за состојбата во медиумската сфера во Македонија. Во неа дебатираа двајца новинари, Митко Јованов и Зоран Бојаровски.

На 1 октомври 2016 година, со почеток во 20 часот и 24 минути, емитувано е премиерно издание на емисијата „Врел костен“ во која гости беа Ана Чупевска Станишковска од Правен факултет и Душко Бранковиќ, граѓанин што води имотно правен спор со државата. Теми на кои дебатираа гостите беа: државата против граѓанинот, отежнатиот пристап до правдата, селективна правда, правосудниот систем кон граѓаните, правдата во општеството.

*„Избор на народот“*

На 29 септември 2016 година, со почеток во 21 часот, емитувано е премиерно издание на емисијата *„Избор на народот“* во која гостин беше Есад Рахич од СДСМ. Се разговараше за престојните претседателски избори во Америка, како и за предвремените парламентарни избори во Македонија. Емисијата е репризирана два пати во текот на неделата (30 септември и 1 октомври 2016 година).

*„ТВ Интервју“*

На 24 ,27 и 28 септември 2016 година, се емитувани 3 репризни изданија на емисијата „ТВ Интервју“ од месец мај 2016 година, каде гостин беше примариус д-р Милорад Јеремиќ. Тема: Како политиката во Македонија влијае врз менталното здравје на нејзините граѓани и каков е невропсихијатрискиот профил на македонските политичари.

***Сектор за програмски работи***